| | | | |
|---|---|---|---|
| | (бодови/ оценка) | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Стевановиќ М. | Стоматолошкарендгенологија | Стоматолошки факултет – Скопје | 2015 |
| | | 2. | E Whites | Essentials of Dental Radiography and Radiology | Churchill Livingstone | 2013 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Joen Iannucci, Laura Jansen Howerton | Dental Radiography: Principles and Techniques 6th Edition | Elsevier | 2021 |
| | | 2. | Zadravec Krolo | DentalnaRadiologija | Medicinskanaklada d.o.o. Zagreb | 2016 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Забоздравство во заедницата | | | |
| 2. | Код | ДМ3334 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за детска и превентивна стоматологија | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 4 | семестар | 7 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 3 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф.д-р Мира Јанкуловска | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | ислушани сите задолжителни предмети од трета година и положени сите задолжителни предмети од втора година |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Цели на предметната програма (компетенции): по следењето на теоретска и практичната настава и положувањето на испитот студентот се стекнува со знаења и вештини за јавноздравствените аспекти на оралните заболувања, оралните заболувања како социјален медицински проблем, карактеристики на социјални медицински заболувања, распространетост и организација на<br>стоматолошката служба, основни познавања за уредување на системот на здравствена заштита на Република Северна Македонија, познавање на медицинската администрација, показателите на оралното здравје и оралните заболувања, јавно-здравствените аспекти на оралната епидемиологија, познавања и вештини во промоцијата на оралното здравје, социјалните фактори и оралното здравје, вештини за планирање и организирање на стоматолошки превентивни програми, кампањи, активности во заедницата, технолошки решенија и закони. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | Содржина на предметната програма:<br>**Поглавје 1. Закон за здравствена заштита**<br>Уредување на системот на забоздравствената заштита во Република Северна Македонија, Закон за здравствена заштита, управување со системи-систем на забоздравствена заштита, право на здравствена заштита, начела на здравствената заштита, здравствена дејност, видови на здравствена заштита.3ч.<br>Мрежа на здравствени установи, здравствени установи, здравствени работници и соработници, вреднување на квалитетот на забоздравствената заштита, задачи, организација, стандарди, нормативи, протоколи ................. 4 часа<br>*Резултати од поглавје 1. Студентите се стекнуваат со знаења за уредувањето на системот на забоздравствената заштита во Република Северна Македонија и со Законот за здравствена заштита како основен правен акт за уредување на здравствената заштита во државата, како и со дефиницијата на здравствената заштита. Стекнуваат знаења за видовите на здравствена заштита, мрежата и нивоата на здравствена заштит, соодветно формирање на здравствени установи и нивната дејност на сите три нивоа на здравствена заштита.*<br>**Поглавје 2. Превентивна стоматолошка здравствена заштита**<br>Дефиниција, значење, задачи и нивоа на превентивната стоматологија,<br>Превентивна стоматолошка здравствена заштита и мерки на јавното здравство за зачувување и унапредување на оралното здравје: програми по популациони групи, кампањи, активности во заедницата, технолошки решенија, закони 3ч. *Резултати од поглавје 2.Студентите стекнуваат основни знаења за значењето, задачите и нивоата на превентивната стоматолошка заштита, планирањето и организирањето на превентивни програми, индивидуални, масови и интегрирани, по популациони возрасни групи препорачани од Светската здравствена организација (СЗО).*<br>**Поглавје 3. Организација на стоматолошката здравствена заштита**<br>Стоматологија (дефиниција, поделба). Теориски основи на современата стоматологија, цели, задачи, развој на специјалности. Основен поим и карактеристики на стоматолошката професија: научна основа, образование, континуирана стоматолошка едукација, морални кодекси, декларации и заклетви, институции и кадри кои учествуваат во развојот на стоматологијата во Република Северна Македонија .................................................. 3 часа<br>Принципи, начела и организација на стоматолошката заштита на населението……………………….....................................................2 часа<br>*Резултати од поглавје 3.Студентите ќе стекнатзнаења за задачите на стоматолошката здравствена заштита, планирањето и распространетоста, нејзините активности од аспект на активна и пасивна здравствена заштита, како и нејзината организација според видот на третманот кој се реализира на населението по возрасни групи.*<br>**Поглавје 4. Епидемиологија на оралните заболувања и медицинска администрација**.<br>Дефиниција на здравјето,дефинирање на оралното здравје и оптимално орално здравје.Епидемиологија на оралните заболувања ифактори на ризик и етиопатогенеза на оралните заболувања, како и индекси за регистрација на оралните |

| | | |
|---|---|---|
| | | заболувањ…………2 часа<br>Јавноздравствени аспекти на оралните заболувања,оралните заболувања како социјален медицински проблем, карактеристики на социјално-демографските медицински заболувања евиденција и администрација...............................................…………3 часа<br>*Резултати од поглавје 4. Студентите се запознаваат со дефиницијата на оралното и општото здравје,епидемиологијата на оралните заболувања ифФакторите на ризик и етиопатогенеза на оралните заболувања. Исто така, ќе ги изучуваат базичните епидемиолошки критериуни и индексите за регистрација на оралните заболувања нивните јавноздравствени аспекти како социјален медицински проблем, карактеристики на социјално-демографските медицински заболувања.*<br>**Поглавје 5. Забоздравствено просветување**<br>Промоција на оралното здравје и забоздравствено воспитување, поим, дефиниција, цели и задачи, содржина на забоздравственото просветување по популациони групи .....................................3 часа<br>Шема на планирање на забоздравствено просветување, методи и средства на забоздравствено просветување, евалуација,тешкотии во спроведувањето на забоздравственото просветување................2 часа<br>*Резултати од поглавје 5.Студентите се запознаваат со дефиницијата за збоздравственото просветување препорачана од Светската здравствена организација и промоцијата на оралното здравје и забоздравствено воспитување, поим, дефиниција, цели, задачи и содржина на забоздравственото просветување по возраснипопулациони групи.Студентите ќе се стекнат со вештини за планирање и изработка на шема на планирање на забоздравствено просветување, метод, принципи и средства кои се применуваат, како и со сознанија како да се справат со тешкотиите во спроведувањето на забоздравственото просветување.*<br>**Поглавје 6. Јавно забоздравство**<br>Вовед во јавното здравство, стоматолошкото јавно здравство (забоздравство),дефиниција, здравјето и заболувањата, историјата и развојот на јавното здравствои забоздравство, достигнувањата на јавното здравство и забоздравство, основните хигиенско-еколошки и социјално-медицински термини........................................2 часа<br>Значење на односот меѓу пациентите и забоздравствениот кадар (стоматолошкиот со тим). Закон за правата на пациентите...... 3 часа<br>*Резултати од поглавје 6.Студентите ќе стекнат сознаења за значењето на јавното здравство, стоматолошкото јавно здравство (забоздравство), дефиниција за здравјето и заболувањата, историјата и развојот на јавното здравство и забоздравство. Во ова поглавје, студентите ќе се запознаат со достигнувањата на јавното здравство и забоздравство, начините како тоа да се унапреди, основните хигиенско-еколошки и социјално-медицински термини. Студентите ќе се стекнат со вештини за воспоставување на соодветен однос на комуникација со пациентите и ќе се запознаат со Законот за правата на пациентите.*<br>***Вкупно ......................................................................................30часа***<br><br>***Семинари***<br>**-** Закон за здравствена заштита на Република северна Македонија начела и уредување на системот за здравствена заштита, здравствена дејност.. ....2 часа<br>- Мрежа и нивоа на здравствена заштита, здравствени установи, здравствени установи, здравствени работници и соработници, вреднување на квалитетот на забоздравствената заштита, задачи, организација, стандарди, нормативи, протоколи ...........................................................................................3 часа<br>- Значењето, задачите и нивоата на превентивната стоматолошка заштита, планирањето и организирањето на превентивни програми, индивидуални, масови и интегрирани, по популациони возрасни групи препорачани од Светската здравствена организација (СЗО).. ..........................................2 часа<br>- Организација на стоматолошката здравствена заштита, задачите на стоматолошката здравствена заштита, планирањето и распространетоста, нејзините активности од аспект на активна и пасивна здравствена заштита, како и нејзината организација според видот на третманот кој се реализира на населението по возрасни групи................................................................ 2 часа<br>- Јавноздравствени аспекти на оралните заболувања како социјален медицински проблем, карактеристики на социјално-демографските медицински |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | заболувања.Епидемиологија на оралните заболувања и фактори на ризик и етиопатогенеза на оралните заболувања, како и индекси за регистрација на оралните заболувања..................... ...............................2 часа<br>- Збоздравственото просветување и промоцијата на оралното здравје и забоздравствено воспитување, поим, дефиниција, цели, задачи и содржина на забоздравственото просветување по возраснипопулациони групи. Планирање и изработка на шема на планирање на забоздравствено просветување, методи, принципи и средства кои се применуваат, како и тешкотии при спроведувањето на забоздравственото просветување................................3 часа<br>- Стоматолошкото јавно здравство (забоздравство), дефиниција, здравјето и заболувањата, историјата и развојот на јавното здравство и забоздравство, достигнувањата на јавното здравство и забоздравство. Значење на односот меѓу пациентите и забоздравствениот кадар (стоматолошкиот сотим), Закон за правата на пациентите...........................................................................1 час<br>***Вкупно .......................................................................15 часа***<br>*Резултати од изведувањето на семинарите:студентот се стекнува основни познавања за уредување на системот на здравствена заштита на Република Северна Македонија, нивоата и мрежата на здравствена заштита, јавноздравствените аспекти на оралните заболувања, оралните заболувања како социјален медицински проблем, карактеристики на социјално-демографските медицински орални заболувања, распространетост и организација настоматолошката служба.Студентитесе стекнуваат сопознавања и вештини во промоцијата на оралното здравје, забоздравсвеното просветување, социјалните фактори и оралното здравје, вештини за планирање и организирање на стоматолошки превентивни програми, кампањи, активности во заедницата, технолошки решенија и закони.* | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Поврзаност со Превентивна стоматологија, Орална хигиена, Јавно здравје | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивна настава, семинари,дискусии за уредувањето на системот на здравствена заштита во Републиката и законот за здравствена заштита. Симулации (практични задачи) за организирање, планирање,и изведување на превентивни програми и забоздравствено просветување кај различни популациони групи поделени по возраст и ризик од орални заболувања. | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 90 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 15 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 45 часа |
| 18 | Услови за потпис | Редовност на предавања | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | 40 бода |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | 10 бода |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | 50 бода |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | од 93 до 00бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на семинарите и проценка на постигнатиот успех на | |

<table>
<tr><td></td><td></td><td colspan="4"></td><td>студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот.</td></tr>
<tr><td rowspan="14">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Иљовска С., Јанкуловска М. и сор.</td><td>Учебник “Забоздравство во заедницата”</td><td>Стоматолошки факултет, Скопје</td><td>2007</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Јанкуловска М., Павлевска М., Коколански В. и сор.</td><td>Учебник “Забоздравство во заедницата”</td><td>Стоматолошк факултет, Скопје</td><td>Во припрема</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>U.S. Department of Health and Human Services</td><td>A Call to Action toCreate a 21st Century Public Health Infrastructure</td><td>Public Health 3.0</td><td>2017</td></tr>
<tr><td></td><td>4.</td><td>Josef John</td><td>Textbook of Preventive and Community Dentistry: Public Health Dentistry, CBS Publishers & Distributors Pvt Ltd, India 2018</td><td>Josef J.:Textbook of Preventive and Community Dentistry: Public Health Dentistry, CBS Publishers & Distributors Pvt Ltd, India 2018</td><td>CBS Publishers & Distributors Pvt Ltd, India 2018</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td>Ивановски К., Пандилова М.</td><td>Орално здравје</td><td>Стоматолошки факултет во Скопје</td><td>2008</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Блаже Николовски, Ѓорѓи Шуманов</td><td>Епидемиологија и јавно здравство</td><td>НИП Студентски збор, Скопје</td><td>2009</td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Daly B., BatchelP., Watt R.G.:</td><td>Essential Dental Public Health,</td><td>Oxford University Press, Second Edition</td><td>2013</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td>4.</td><td>Roger D. R., Karim Q.A., Baum F., Liming Li L., Leyland A.H.</td><td>Oxford Textbook of Global Public Health (7 edn), November 2021,</td><td>November 2021, Oxford University Press</td><td>2021</td></tr>
</table>